**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од СЕДУМНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 28.10.2022 година

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2022 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

### Од Седумнаесеттата седница
### на Советот на Општина Гази Баба,
### одржана на 28.10.2022 година

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шеснаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеснаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-6233/2 од 26.10.2022 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**16.** Предлог - Одлука за давање согласност за примање на донација од страна на Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ Скопје на основен сообраќаен проект.

Согласно известување од стручната служба од 27.10.2022 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**17.** Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 16** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 17** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "16" и "17" се составен дел од предложениот дневен ред.

Согласно барањето од советничката група на Коалицијата предводена од СДСМ, бр.09-6387/1 од 28.10.2022 година, поднесено од координаторот на советничката група - советник Александар Саша Димитријевиќ, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**18.** Информација за состојба и планирана реализација на проектите за изградба на булевар "Србија", трета лента на булевар "Александар Македонски", проширување на улицата "Благоја Стефковски", проширување и рехабилитација на улицата "Перо Наков".

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 18** беше ставен на гласање. Советот **не го усвои** предлогот со **9 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ"**.

Во расправата по гласањето по предлогот за дополнување на предложениот дневен ред учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

Претседателот на Совет предложи **точка 17** да се разгледува како **точка 15**, а точките 15 и 16 да се разгледуваат како **точки 16 и 17**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Совет констатираше дека точката 17 ќе се разгледува како точка "15", а точките 15 и 16 ќе се разгледува како точки "16" и "17".

За работата на седницата со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2022 година;

4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година;
6. Предлог - Одлука за давање донација на основни проекти на Општина Арачиново;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година;
8. Предлог - Одлука за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Смиљковци, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза;
10. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година;
12. Предлог - Програма за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година;
13. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година;
14. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година;
15. Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година;
16. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година; и
17. Предлог - Одлука за давање согласност за примање на донација од страна на Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ Скопје на основен сообраќаен проект.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2022 година, со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање донација на основни проекти на Општина Арачиново.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање донација на основни проекти на Општина Арачиново, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше секретарот на Општина Гази Баба - Невенка Стаменковска Стојковски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година, со **16 гласа "ЗА", 5 гласа "ПРОТИВ"и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Смиљковци, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Китановски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Смиљковци, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје,со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година, со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година, со **20 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.10.2022 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.10.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за примање на донација од страна на Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ Скопје на основен сообраќаен проект.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за примање на донација од страна на Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ Скопје на основен сообраќаен проект, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Седумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:30** часот.

**Број 09-6892/2**
**од 28 ноември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот